MQS
Partner of Quality Audits

Бр./Nr 12-4550/2

16-12-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата,постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од непознат подносител, на продолжението на 42-та седница одржана на 14.12.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-4550/1 од 01.10.2019 година оформен по пријава од непознат подносител доставена до ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-4550/1 од 01.10.2019 година, од причина што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-4550/1 од 01.10.2019 е оформен по пријава од непознат подносител, доставена до ДКСК.

Во пријавата се укажува на наводи против просветниот инспектор ------------------------ во Државниот просветен инспекторат додека работел како инспектор во ДПИ, ----------------, кои се однесуваат на Педагошкиот факултет Битола кој е во рамките на Универзитетот "Св.Климент Охридски" Битола. Конкретно, наводите се однесуваат на сомневање за незаконско и неетичко постапување на раководните структури во овој факултет, а кои споменатиот инспектор кога вршел инспекциски надзор во изминатите 10 години не ги констатирал и посочил во своите извештаи и тоа:

1. Постапка за избор во звање, начинот на вработување и ангажирање на --------------- на Факултетот и улогата на неговиот родител кој е професор на факултетот, определување на висината на редовните и дополнителните примања и исплата на истиот и можното влијание на родителот
2. Непостапување по извршени избори на наставен кадар каде еден наставник се избора во повеќе непостоечки подрачја, како што е случајот со ------------------,
3. Намерно неконстатирање на сомневања за постоење незаконитости и пропустите во начинот на формирање на комисии на магистерски и докторски студии
4. Непостапување за утврдување на прекршувањата на Законот во делот на истек на временскиот рок за одбрана на магистерските тези и докторски дисертации, што по налог на роководството го прави ----------------

5. Премолчување и непостапување за утврдување на факот дека голем број предмети ги предаваат одредени професори, блиски на раководството
6. Непостапување за прекршување на Законот за виското образоване кои се однесуваат на мандатот на продеканите на факултетот
7. Да се провери сомневањата за злоупотреби со патните трошоци, исплати уплати помеѓу факултетот и студенскскиот сојуз, поврзаноста на финансиското работење на факултетот со Бифето ,исплата на дупли трошоци за пат и слично.

Со цел проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1834/1 од 28.04.2020 година со кое побара од Државниот просветен инспекторат да изврши вонреден инспекциски надзор на работењето на Педагошкиот факултет -Битола, како единка на Универзитетот "Св. Климент Охридски" Битола и да ги провери наводите содржани во пријавата.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Државниот просветен инспекторат.

По разгледување на наводите во пријавата и доставениот одговор од Државниот просветен инспекторат, ДКСК го констатира следното:

По Задолжение од Директорот на Државен просветен инспекторат бр. 09-945/2 од 04.11.2019 година за вршење на вонреден инспекциски надзор, на ден 11.11.2019 година на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола бил извршен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат. По извршениот увид во евиденцијата и документацијата и службениот разговор со одговорното лице од Педагошкиот факултет при Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола, Државниот просветен инспекторат на Записник Ип1 бр. 09-514 од 18.11.2019 година констатирал дека нема утврдено пропусти и незаконитости во работењето на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола по однос на наведените точки во дописот.

По разгледување на наводите во пријавата и доставениот одговор од Државниот просветен инспекторат, ДКСК констатира дека во конкретниот случај постапил надлежен орган кој ја утврдил фактичката состојба, при што не констатирал пропусти и незаконистости во работењето на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, па оттаму ДКСК заклучи дека наводите во пријавата не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет и предметот да се затвори и архивира. Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК,
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: Н.Б., член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk